**ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права**
**Набљудувачка мисија за избори**
**поранешна југословенска Република Македонија**
**Парламентарни избори 2006**

# ВРЕМЕН ИЗВЕШТАЈ бр. 1
**30 мај – 9 јуни 2006**

## I. КРАТОК ОСВРТ

- Набљудувачката мисија за изборите (НМИ) на ОБСЕ/Канцеларија за демократски институции и човекови права отвори канцеларија во Скопје на 30 мај, при што распореди 20 долгорочни набљудувачи во тимови составени од двајца меѓународни набљудувачи на девет локации низ целата земја.

- На 5 јули, ќе се избираат 120 пратеници според пропорционалниот изборен модел, т.е. по 20 во секоја од шесте изборни единици. Не постои законски праг, кој треба да биде достигнат, за учество во распределбата на мандатите.

- Вкупно 31 политичка партија и коалиции, како и две групи гласачи, ги поднесоа своите листи на кандидати за претстојните избори. Сите листи беа потврдени од страна на Државната изборна комисија (ДИК). Околу 11 партии и коалиции ќе се натпреваруваат во шесте изборни единици, а бројот на листи варира од 19 до 29 листи по изборна единица. Вкупно 2.920 кандидати ќе учествуваат во изборната трка.

- Одреден број соговорници коментираа дека појавата на нови политички партии ја поделила поддршката за претходните клучни учесници на изборите при што постои можност да се отежни формирањето на пост-изборни коалиции. Постои одреден степен на загриженост во врска со одлуката на една етничка албанска партија да стави на нејзината листа на кандидати едно лице за кое постојат две кривични обвиненија и уште едно за кое се спроведува истрага за воени злосторства.

- Официјалната изборна кампања ќе започне на 15 јуни. Одредени партии беа обвинети од страна на нивните противници и од страна на претставниците на граѓанското општество дека започнале со спроведување кампањи предвреме и дека го прекршиле Изборниот законик. ДИК во врска со ова изјави дека нема ингеренции за отпочнување постапка против вакви дејствија, а Изборниот законик не предвидува санкции за рано спроведување изборни кампањи.

- Според постојната регулатива, електронските медиуми мораат да обезбедат еднакви услови за пристап за сите кандидати. На 2 јуни, НМИ на ОБСЕ/Канцеларија за демократски институции и човекови права започна со следење на медиумското покривање на кампањата, при што се следат четири телевизиски станици и одреден број дневни весници.

- Новиот Изборен законик беше усвоен на крајот на март 2006 г. со што беше обезбедена поконзистентна основа за спроведување избори. Меѓутоа, се чини дека е потребно дополнително појаснување и толкување на некои законски одредби. Владата на 7 јуни ги достави до Собранието предлог измените на Кривичниот законик, со кои се воведуваат построги казни за кривични дела поврзани со изборите.

- Претстојните избори ќе ги спроведат изборни органи на три нивоа, и тоа: Државна изборна комисија (ДИК), 84 Општински изборни комисии (ОИК) и 2.976 Избирачки одбори (ИО). Новиот состав на ДИК беше именуван во април. Составот на сите ОИК и повеќето ИО беше одреден по случаен избор од редовите на државните службеници, а не како претходно по предлог на партиите.

## II. ВОВЕД

Претседателот на Собранието на 20 април објави дека парламентарните избори во поранешната југословенска Република Македонија ќе се одржат на 5 јули 2006 г. На покана на Министерството за надворешни работи, ОБСЕ/ОДИХР на 30 мај ја воспостави својата Набљудувачка мисија за избори (НМИ). Во составот на Набљудувачката мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР, предводена од страна на Амбасадорката Одри Гловер (Обединето Кралство), влегуваат 13 члена кои се дел од главниот тим со седиште во Скопје и 20 долгорочни набљудувачи распределени на 9 локации низ целата земја. Членовите на главниот тим и долгорочните набљудувачи се избрани од редовите на 21 земја учесничка во ОБСЕ. Од земјите учеснички во ОБСЕ беше побарано да испратат 250 краткорочни набљудувачи кои, на денот на изборите ќе го следат гласањето, пребројувањето и сумирањето на гласовите.

## III. ИЗБОРНА РАМКА

120 пратеници во Собранието се избираат според пропорционалниот изборен модел, при што територијата на земјата е поделена на шест изборни единици чии граници се дефинирани во Изборниот законик; по 20 пратеници се избираат во секоја изборна единица. Не постои законски праг, кој треба да биде достигнат, при распределбата на мандатите.

Законската рамка за претстојниве парламентарни избори е уредена со сеопфатен Изборен законик кој беше усвоен на крајот на март 2006 г. Новиот законик го консолидира изборното законодавство и воведува подобрена изборна рамка. Иако законикот беше изготвен само три месеци пред изборите, тој, заедно со останатата нова и изменета регулатива, обезбедува усогласена основа за спроведување на изборите. Меѓутоа, одредени соговорници веќе изразија загриженост и покренаа прашања во врска со спроведувањето и толкувањето на Изборниот законик.

При тоа, Државната изборна комисија (ДИК) пропиша неколку аспекти на изборниот процес, меѓу кои правата и обврските на набљудувачите, врамнотежениот состав на изборните органи, како и именувањето на членовите во тие органи, обуката на членовите на органите за спроведување на изборите, активностите на полицијата, како и отворањето на жиро сметките на организаторите на кампањи.

И покрај тоа што Изборниот законик и другите прописи се доста детални и сеопфатни, се чини дека постои потреба за дополнително појаснување и толкување на некои одредби. На пример, иако постојат тврдења дека со раното спроведување на кампањата се нарушува Изборниот законик, не се одредува никаква санкција во случај на прекршување на оваа одредба, а ДИК изјави дека нема ингеренции да започне постапка во вакви случаи.

На 7 Јуни, Владата достави до Собранието предлог измени на Кривичниот законик, како дополнување на постојаната законска рамка, со кои се воведуваат построги казни за кривични дела поврзани со изборите. Собранието на 9 јуни отвори расправа по таквите амандмани. Иако многу од партиите ги поздравија ваквите измени кои се предлагаат во последен момент, строгото казнување може да преставува заштитна мерка против изборните неправилности само ако постои доволно волја за нивно спроведување. Мал број лица биле казнети за кривични дела поврзани со изборите сторени за време на претходните избори.

## IV. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Изборниот законик воведува три нивоа на изборни органи и тоа: Државната изборна комисија (ДИК), 84 Општински изборни комисии (ОИК) и 2.976 Избирачки одбори (ИО). На 14 април Собранието го именуваше новиот состав на ДИК. Во согласност со новиот Изборен законик, опозициските партии, односно во овој случај Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), го предложи Претседателот на ДИК, додека владејачките партии го предложија потпретседателот на ДИК (во случајов, Демократската унија за интеграција [DUI]. Иако Изборниот законик не одредува како ќе бидат избирани останатите пет членови на ДИК, тие беа именувани по предлог на останатите главни политички партии.

За прв пат членовите на ОИК и на ИО се именуваат по случаен избор од редовите на државните службеници, со користење на компјутеризирана база на податоци, а не како во минатото по предлог на политичките партии.[1]. ОИК и ИО се составени од 5 членови и 5 заменици. Претседателите и нивните заменици се избираа од редовите на државната и општинската администрација, додека останатите членови и нивните заменици беа избирани од редовите на јавната администрација. Во процесот на именување на ОИК и ИО требаше да се задоволат конкретни критериуми во однос на родовата и етничката застапеност.

Првичната селекција се спроведе во рамките на кратките законски рокови, но потоа мораше да се спроведе и дополнителен избор, како на членови на ОИК, така и на оние на ИО со цел наоѓање замена за оние службеници кои поднесоа оставки поради оправдани причини или пак поради тоа што се појавија како кандидати на изборите. Сите членови на ОИК и нивните заменици мораа да ја поминат задолжителната обука. На денот на изборите околу 3.000 членови на органите за спроведување на изборите ќе ја вршат својата должност надвор од своите избирачки места, а во ДИК во тек се разговори за начинот на кој тие со сигурност ќе можат да го остварат своето право на глас.

Од воспоставувањето на Набљудувачката мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР до сега, ДИК одржа осум седници отворени за набљудувачите и медиумите, а на истите присуствуваа и членови на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР. ДИК ги усвои упатствата, прописите и формуларите кои се предвидени со Изборниот законик и ги објави појаснувањата за спроведувањето на одредени одредби од законикот.

[1] Како преодна мерка, но само за овие избори, по два члена на ИО и нивните заменици ќе бидат назначени од страна на политичките партии, т.е. еден од страна на опозициските и еден од страна на владејачките партии.

По истекот на законски пропишаниот рок за дополнување и изменување на Избирачкиот список (ИС), Министерството за правда го затвори ИС и на 9 јуни ги достави до ДИК сите извадоци од ИС кои содржат 1.741.449 гласачи, за ДИК да ги потврди и потпише. Одредени соговорници од политичките партии изразија сомнеж во врска со точноста на Избирачкиот список.

## V. РЕГИСТРАЦИЈА НА КАНДИДАТИ

На 2 јуни, ДИК заврши со евидентирање на листите на кандидати. 31 политичка партија и коалиции, како и две иницијативи на група граѓани ги поднесоа своите листи на кандидати во една или повеќе изборни единици. Сите листи на кандидати беа потврдени од страна на ДИК во рамките на единствена постапка. Севкупно, во шестте изборни единици беа регистрирани 135 листи кои содржат 2.920 имиња. Единаесет партии и коалиции поднесоа листи на кандидати во сите шест изборни единици. Бројот на листи на кандидати по изборна единица варира од 19 до 29.

ДИК на 7 јуни организираше влечење ждребка за да го одреди редоследот на кандидатските листи на гласачкото ливче, во секоја изборна единица. Според Изборниот законик, на секои три места на листата најмалку едно место мора да биде резервирано за помалку застапениот пол.

## VI. АТМОСФЕРАТА ПРЕД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА КАМПАЊИТЕ

Парламентарните избори требаше да се одржат во октомври 2006 г. Водечката опозициска партија, ВМРО-ДПМНЕ, одредено време повикуваше изборите да се одржат порано, а на почетокот на 2006 г. владејачкиот Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) исто така излезе со позитивен став за спроведување рани избори.

Политиката главно е поделена врз етничка основа, и како и во претходните избори, трката ќе се води меѓу етнички заснованите партии кои ќе се борат за освојување на гласовите во заедниците на кои им припаѓаат. Коалицијата „За Македонија заедно," предводена од СДСМ, ќе ѝ се спротивстави на коалицијата што ВМРО-ДПМНЕ ја формираше заедно со одреден број помали партии. Најважните етнички албански партии во парламентарниот состав во заминување, Демократската унија за интеграција (ДУИ), која е коалициски партнер на СДСМ, и опозициската Демократска партија на Албанците (ДПА), се главните натпреварувачи во трката за добивање на гласовите на етничките албанци.

Се појавија и неколку нови политички партии. Тие се: ВМРО – Народна партија (ВМРО-НП), која се одвои од ВМРО-ДПМНЕ на крајот на 2004 г. ВМРО-НП има повеќе пратенички места во споредба со ВМРО-ДПМНЕ во собранискиот состав кој е во заминување, меѓутоа нејзиниот резултат на локалните избори од 2005 г. беше значително послаб. Новата социјалдемократска партија (НСДП) беше формирана во октомври 2005 г. од страна на Тито Петковски поранешен член на потесното раководство на СДСМ, и веќе има мрежа ограноци низ целата земја. Партијата за Демократска обнова на Македонија (ДОМ) беше формирана во јануари 2006 г. од страна на Лилјана Поповска, поранешен член на потесното раководство на помалиот коалициски партнер на СДСМ, Либерално демократската партија (ЛДП). Одреден број соговорници забележаа дека појавата на нови

политички партии ја подели поддршката за претходните главни учесници на изборите што може да го отежни формирањето на пост-изборни коалиции.

Се појави загриженост во врска со одлуката на ДПА да стави на нејзината листа на кандидати едно лице за кое постојат две кривични обвиненија и уште едно за кое се спроведува истрага за воени злосторства.

Официјално изборната кампања ќе започне на 15 јуни. Раното отпочнување на изборните кампањи од страна на некои партии, кои очигледно беа спротивни на Изборниот законик, беа причина за коментари од страна на медиумите и невладините организации, како и за меѓусебни обвинувања меѓу партиите. Ваквите активности вклучуваа дејствија како: одржување на партиски конвенции, кои беа искористени за промоција на партиските програми и кандидатите во медиумите. Други контроверзни активности вклучија поставување на постери на билборди, како и патување низ земјата од страна на партиски членови. Спорно е и тоа што точно се активности поврзани со изборните кампањи, а што редовни партиски активности.

## VII. МЕДИУМИ

Гласачите имаат пристап до разновидни извори на информации. Големиот број медиуми опфаќа околу 153 регистрирани радиодифузери, како и голем број различни печатени медиуми на македонски јазик и јазиците на различните национални малцинства.

Медиумското покривање на кампањата за парламентарните избори е уредено со Изборниот законик. За време на официјалната кампањата, активностите на радиодифузерите исто така подлежат на Правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување како и на меродавните одредби во Законот за радиодифузна дејност. Како општ принцип во согласност со законската рамка, радиодифузерите мораат за сите учесници во изборниот процес да обезбедат еднакви услови за пристап.

Правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување беа усвоени од страна на Собранието на 22 мај на предлог на Советот за радиодифузија, а со нив се уредуваат активностите на државните и приватните електронски медиуми. Според овие правила, јавното радидифузно претпријатие МРТВ ќе понуди бесплатно време на своите програми за директно претставување на секоја утврдена листа.

Националните, јавни и приватни радиодифузери, мораат да овозможат во своите програмски сервиси избалансирано покривање на учесниците во изборите, почитувајќи го принципот на пропорционалност според бројот на утврдени листи на кандидати за пратеници регистрирани во изборните единици. Локалните радиодифузери мораат да обезбедат покривање на кампањата почитувајќи го принципот на еднаквост, според бројот на утврдени листи на подрачјето за кое локалниот радиодифузер има концесија.

Приватните радиодифузери мораат да обезбедат еднакви услови за платеното политичко рекламирање, а за ваквиот вид рекламирање поставени се и временски ограничувања. Претставници на ВМРО-ДПМНЕ јавно го искажа своето незадоволство со ваквите ограничувања на времето за рекламирање, тврдејќи дека ограничувањата што ги поставил

Советот за радиодифузија не им овозможуваат на партиите соодветно да ги претстават своите програми.

Од 2 јуни, НМИ на ОБСЕ/ОДИХР спроведува квалитативна и квантитативна анализа врз одреден број медиуми, со цел да го оцени покривањето на кандидатите и главните политички субјекти. Активностите поврзани со следење на медиумите се сконцентрирани на програми кои се емитуваат во ударните термини на четирите национални телевизиски станици: првиот канал на Македонската телевизија (МТВ1), трите приватни канали (А1 ТВ, ТВ Сител и Канал 5 ТВ), како и на најважните дневни весници на македонски и на албански јазик. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР исто така ги следи ударните вести на албански јазик на вториот канал на Македонската телевизија (МТВ2) и распределбата на бесплатните термини за претставување на кандидатите на третиот канал на Македонската телевизија (МТВ+).

Прелиминарните резултати од следењето на медиумите на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР упатуваат на тоа дека медиумите известуваат за партиските подготовки за кампањите, партиските конференции за печат и за претставувањето на кандидатите. Извештаите за политички изјави кои се однесуваат на ветувања дадени за време на кампањата како и заемните коментари во врска со платформите на партиите, се исто така дел од медиумската агенда во предвечерието на официјалниот почеток на кампањата. Медумите веќе емитуваа платени политички програми.

## VIII. АКТИВНОСТИ НА НМИ НА ОБСЕ/ОДИХР

НМИ на ОБСЕ/ОДИХР ја отвори својата канцеларија во Скопје на 30 мај. Шефот на мисијата одржа конференција за печат на 31 мај за да ја претстави НМИ на ОБСЕ/ОДИХР. Шефот на мисијата веќе одржа првични состаноци и воспостави редовен контакт со Министерството за надворешни работи, Државната изборна комисија, Министерството за правда, дипломатската заедница, главните политички партии и невладините организации, вклучувајќи ја и локалната непартиска организација за набљудување избори „МОСТ“. Членовите на главниот тим на НМИ, како и долгорочните набљудувачи одржаа првични состаноци со изборните комисии, политичките партии, невладините организации и медиумите, на централно и на регионално ниво.

*Овој извештај е достапен на англиски, македонски и албански јазик.*
*Меѓутоа, англиската верзија е единствената официјална верзија.*